Оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013

# Директен Грант Договор

# *„Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени“*

*Брошура за резултатите на проектот*

Овој проект е финасиран од страна на Европската Унија

Овој проект е имплементиран од страна на Агенцијата за вработување

*Информации за контакти на проектот и корисникот*

*За Надлежниот орган за склучување на договори*
*Сектор за централно финансирање и склучување на договори при Министерство за финансии*
*Мито Хаџивасилев Јасмин 50*
*1000 Скопје*

*За корисникот*
*АВРМ (Агенција за вработување)*
*Васил Ѓоргов 43*
*1000 Скопје*

*За Минстерството*
*Министерство за труд и социјална политика*
*Даме Груев 14*
*1000 Скопје*

*За Делегацијата на Европската Унија*
*Мито Хаџивасилев Јасмин 52 в*
*1000 Скопје*

*Оваа публикација е направена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е исклучива одговорност на Агенцијата за вработување и во ниту еден случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.*

# Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени

Проектот е финансиран од ЕУ
во рамките на Оперативната програма за
Развој на човечки ресурси 2007-2013 (ИПА Компонента 4).

# Резиме на Проектот

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ
НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 2007-2013,
ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)
Програмски код: CCI2007/MK05IPO001
ДИРЕКТНИ СРЕДСТВА
ДОГОВОР БР.: 09-40478/1 as of 25.11.2010

| | |
|---|---|
| **Наслов на договорот:** | "Поддршка за вработување на млади, долгорочно невработени и жени" |
| **Програмски код /буџетска линија:** | Оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, Инструмент за Претпристапна помош (ИПА)<br>Буџетска линија: ИПА – Развој на Човечки Ресурси 04 06 01<br>Програмски код: CCI2007/MK05IPO001 |
| **Договарач/корисник** | Надлежен орган за склучување на договори: Сектор за централно финансирање и склучување на договори (CFCD), Министерство за финансии<br>Корисник: Агенцијата за вработување (АВРМ) |
| **Идентификациски број:** | Договор Бр: 09-40478/1 as of 25.11.2010 |
| **Име на Проектниот Менаџер:** | Филип Пасху |

| | **Оригинален договор** | **Анекс 1** | **Анекс 2** |
|---|---|---|---|
| **Буџет (€/NC)** | 1.300.000,00 ЕВРА | 1.300.000,00 ЕВРА | 1.300.000,00 ЕВРА |
| **Времетраење** | 15 месеци | 20 месеци | 25 месеци |
| **Последна дата** | 24.02.2012 | 24.07.2012 | 24.12.2012 |

| | |
|---|---|
| **Цел на договорот** | *Целта на Грант Договорот е доделување на грант од Договорниот орган за имплементација на проектот насловена: "Поддршка за вработување на млади, долгорочно невработени и жени" на Агенцијата за вработување (АВРМ).*<br><br>*Главна цел на Проектот финансиран од Оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007 - 2013, Инструмент за Претпристапна помош (ИПА) е интегрирање на младите, долгорочно невработените и жените на пазарот на трудот.*<br><br>*Специфичната цел е зголемување на работоспособноста на невработените млади луѓе, долгорочно невработените и жените со зголемување на нивните способности (знаење, вештини, и способност).*<br><br>*Проектот е составен од три компоненти:*<br>• *Компонента 1– Практикантството како поддршка за прво вработување на млади лица на возраст до 27 години,*<br>• *Компонента 2 – Обуки за општи вештини,*<br>• *Компонента 3 – Обуки за стекнување вештини барани на пазарот на трудот.* |

# Очекувани резултати

| | |
|---|---|
| | ***Компонента 1 – Практиканство како поддршка за прво вработување на млади лица на возраст до 27 години***<br>*Подобрување на перспективите за вработување на младите дипломирани луѓе, со рефлексија на потребата и тековната состојба на пазарот на трудот. Поточно, невработени лица до 27 годишна возраст се вклучуваат во програма за практиканство со цел стекнување на прво работно искуство.*<br>*Со проектот е предвидено 512 практиканти да учествуваат во оваа програма.*<br><br>***Компонента 2 – Обуки за општи вештини***<br>*Помош за невработени лица да се здобијат со потребни вештини кои ќе им помогнат да ја подобрат нивната конкурентност на пазарот на трудот.*<br>*Со проектот е предвидено 6.600 невработени лица да земат учество во оваа програма.*<br><br>***Компонента 3 – Обуки за стекнување вештини барани на пазарот на трудот***<br>*Обучување на долгорочно невработени лица за професионални вештини барани на пазарот на трудот.*<br>*Вкупно 839 подобни невработени лица е планирано да земат учество во оваа програма.* |

# РАКОВОДНА СТРУКТУРА НА АВРМ

- Влатко Поповски - Директор
- Вељка Јуран - Раководител на одделение за ИПА фондови и проекти

# ИПА проектен тим

- Филип Пасху – Менаџер на проектот
- Катерина Димовска Трајковски – Асистент на менаџерот на проектот
- Иван Стефанов – Координатор за Компонента 1
- Елизабета Марковска Спасеноска – Координатор за Компонента 1
- Антоние Оносимоски – Координатор за Компонента 2
- Љупка Панчевска – Координатор за Компонента 2
- Душан Босиљанов – Координатор за Компонента 3
- Марија Гашпаровиќ – Координатор за Компонента 3
- Снежана Јовановска Ацева – Координатор за набавки
- Лилјана Стојановска – Сметководител на проектот

# Краток опис на проектните цели, целни групи, активности

**Оперативна Програма за Развој на Човечки Ресурси 2007 – 2013**
**Инструмент за Прет-пристапна финансиска помош (ИПА)**

## 1.1. Предмет (цели)

Главна цел на овој Проект е интегрирање на младите лица, долгорочно невработените и жените на пазарот на трудот во земјата.

Поконкретно, целта е зголемување на работоспособноста на невработените млади луѓе, долгорочно невработените и жените со зголемување на нивната способност (знаење, вештини, и однесување).

Проектот е составен од три компоненти:

Компонента 1 – Практикантството како поддршка за Прво Вработување на Млади Лица на возраст до 27 години

Компонента 2 – Обуки за Општи Вештини
Помош за невработените лица да стекнат вештини кои ќе им помогнат да ја подобрат нивната конкурентност на пазарот на трудот.

Компонента 3 – Обуки за Вештини барани на Пазарот на Трудот.

Обучување на долгорочно невработени лица со професионални вештини потребни (барани) на пазарот на трудот.

## 1.2. Релевантност на акцијата

Пазарот на трудот се карактеризира со висока стапка на невработеност (32.3%)[1] комбинирано со ниска активност (64%) и стапка на вработеност (43.3%). Невработеноста е посебно вообичаена меѓу младите луѓе. Стапката на невработеност кај жените од 32.9% е нешто повисока од стапката на невработеност кај мажите која изнесува 32%. Уште повеќе,стапката на долгорочно невработените преовладува меѓу невработените со процент од околу 80% од вкупниот број на невработени лица. Високата и континуирана стапка на невработеност е резултат на недостиг од соодветни вештини на пазарот на трудот и ниските стапки на создавање/отварање на работни места.

Компонента 1 – Програма за Практикантство како поддршка за Прво Вработување на Млади Лица на возраст до 27 години

Целната група во оваа компонента опфаќа 512 млади луѓе:
- на возраст до 27 години;
- со завршен факултет, универзитетски степен/високо образование;
- регистрирани невработени лица во АВРМ;
- без претходно работно искуство.

Компонента 2 – Обуки за Општи Вештини

Целната група (учесници) во Компонента 2 е 6 600 луѓе регистрирани, пријавени како невработени во АВРМ.

Целните групи во Компонента 2 се дефинирани според типот на обуката:
- Обуки за претприемништво за невработени жени и долгорочно невработени лица регистрирани, пријавени во локалните центри за вработување;
- Обуки за комуникациски вештини, за изучување на странски јазик и основни компјутерски вештини за невработени лица регистрирани во локалните центри за вработување.

[1] Податоци од Грант договор бр.: 09-40478/1 as of 25.11.2010

Компонента 3 – Обука за Вештини потребни/барани на Пазарот на Трудот

Со Компонента 3 се поддржува обука на 839 долгорочно невработени лица кои се регистрирани, во АВРМ како невработени подолго од една година.

Очекувани резултати беа: 88 учесници да бидат вклучени во обуката за електро монтери и електро инсталатери (погони, домови за живеење, и.т.н.), 19 да добијат обука за мехатронички системи, 36 ќе бидат обучени за мехатронички системи кај лесни возила, 398 да земат учество во обуката за сметководство, 69 во обука за угостителски услуги, 60 да добијат обука за заварувачи, 36 обука како градежни работници и 133 обука за IT/компјутерски програмери.

Стапката на невработеност на млади лица на возраст од 15 - 24 е 55.1% која е повисока од стапката на невработеност на другите возрасни групи (30.3% за невработени на возраст од 25 - 49 и 25.9% за невработени на возраст од 50 - 64) . Уште повеќе, стапката на невработеност на млади луѓе на возраст од 15 - 24 е 1.7 пати повисока од вкупната стапка на невработеност од 32.3%. Вкупната стапка на вработеност од 43.3% е повеќе од дваипол пати на стапката на вработеност на младите на возраст од 15 - 25 (15.7%).

Според податоците од АВРМ во Април 2010 бројот на регистрирани, пријавени млади невработени на возраст до 27 бил 74,561 каде што 63,4% од нив биле невработени една година и подолго, што имплицира дека апсорпцијата на пазарот на трудот е поспора од понудата на млада работна сила. Исто така, анализата за бараните вештини направена од страна на АВРМ во 2009 покажува дека бројот на млади вработени лица на возраст до 29 во компаниите кои земале учество во истражувањето е значително помал (23.4%) од бројот на вработени лица од примарната возрасна работо-способна група на возраст од 30 - 54 (66.4%).

Една од главните причини за невработеност меѓу младите лица е недостатокот на работно искуство и недостаток на можности за младите дипломци да го стекнат релевантното искуство. Имено, работодавачите вклучени во истражувањето на АВРМ во анализата за вештини барани на пазарот на трудот направена

за 2009 потврдиле дека имаат потреба од работник со работно искуство на повеќе од 50% од новоотворените работни места. Дополнително, 73% од бројот на планирани нови вработувања на лица со високо образование (14% од вкупниот број на планирани нови вработувања) е потребно да имаат работно искуство. Само во случај на нови вработувања на лица со основно образование, барањето за работно искуство е полиско (18.3%).

Стапката на невработеност кај жените од 32.9% е нешто повисока од стапката на невработеност кај мажите која изнесува 32%. Како и да е, жените се соочени со ниска активност и стапка на вработеност и ова е посебно вистина за млади, без вештини, рурални и жени од етнички малцинства. Жените се често ангажирани во ниско платени ``женски`` занимања. Уште повеќе, неплатени работници, посебно во земјоделието, во нагорна линија е застапено кај жените. Дополнително, жените со понизок степен на образование во контекст на општиот недостаток на работни места и влез на пазарот на трудот, стануваат дел од неформалната економија како одржување на домакинства (домакинки), собарки, чистачки и.т.н.

Друга потешкотија на пазарот на трудот е распространетоста на долгорочната невработеност. Учеството на лица невработени една година и подолго во вкупниот број на невработени е околу 80 % и просечно 2/3 од невработените лица се невработени 4 години и подолго. Воопшто, колку подолго лицата се невработени, толку потешко може да најдат работа. Долгорочната невработеност, ги зафаќа сите возрасни групи, најмногу погодувајќи ги возрасните (35-64). Сепак, има значаен број на млади лица кои бараат работа повеќе од една година. Ова секако има важни импликации во случаи на загуба на човечки капитал и откажување, неинвестирање во образование, посебно кај луѓе со високо образование. Една од главните причини е композицијата на вештини по завршувањето на високото образование и системот на пракса не се совпаѓа со побарувањата на пазарот.

Така, во 2009 направената Анализа на потребните/бараните Вештини на Пазарот на Трудот покажа дека работодавачите бараат општи вештини заедно со посебни/специфични вештини поврзани со определената професија. Работодавачите најмногу ги бараат вештините кои се однесуваат на познавање на странски

јазици, посебно Англискиот, познавање на компјутерски вештини, комуникациски вештини, способност за тимска работа и организаторски вештини. Ова не се однесува само на лица со работно искуство туку и за лица без работно искуство.

Еден од начините да се зголеми вработеноста на невработените лица е да се отворат можности за оваа целна група да ги зголеми специфичните вештини како и да се стекне со квалификации за специфични професии барани на пазарот на трудот.

Од тука, Проектот ќе се однесува на три главни проблеми:
- недостаток на работно искуство кај млади лица на возраст до 27 години;
- недостаток на општи вештини кај невработени лица;
- недостаток од професионални вештини, кои се барани од работодавачите.

Активноста со своите три компоненти придонесува кон специфичната цел ѝ е поврзана со сите три приоритетни категории од Прирачникот:
- интегрирање на младите луѓе на пазарот на трудот;
- намалување и превенција на долгорочното невработување; и
- зголемување на стапката на вработување на жените.

## 1.3. Опис на Акцијата и нејзината ефективност

<u>Компонента 1 –Програма за Практикантство како поддршка за Прво Вработување на Млади Лица на возраст до 27 години</u>

Очекуван резултат: подобрена перспектива за вработување на 512 млади дипломирани лица.

Невработени дипломирани лица на возраст до 27 години ќе бидат вклучени во програмата за практикантство со цел стекнување на прво работно искуство.

Активностите што ја подржуваат оваа компонента се насочени кон зголемување на бројот на вработени лица. Заинтересираните лица од целната група беа вклучени во програмата за практикантство во избрани компании во период од три месеци. Програмата за практикантство треба да им помогне на невработените млади

лица да стекнат работно искуство според нивното образование и да развијат нови вештини со обука на самото работно место. Во таа смисла, програмата за практикантство ќе го олесни нивниот влез на пазарот на трудот.

Програмата за практикантство е инструмент за определен период на време, и на тој начин овозможува работодавачите да го запознаат практикантот и да се определат за негово вработување или не. Дополнително, работодавачите ќе креираат листа на потенцијални кандидати за некое идно вработување. Но, како заштитна мерка, поединците кои ќе бидат ангажирани како практиканти мора да го дополнат постоечкиот број на вработени во компанијата.

Компонента 2 – Обуки за Општи Вештини

Очекуван резултат: 6600 невработени лица да се стекнат со општи вештини, од кои 3000 невработени лица стекнуваат јазични вештини; 3000 невработени лица се стекнуват со вештини од компјутерска технологија; 250 невработени лица со претприемништво и 350 со комуникациски вештини.

Обуките за општите вештини ќе им помогнат на невработените лица значително да ја подобрат својата конкурентност на пазарот на трудот, односно да ги зголемат своите шанси во наоѓањето на работа.

Компонента 3 – обука за Вештини потребни/барани на Пазарот на трудот

Очекуван резултат

839 долгорочно невработени лица да се стекнат со специфични професионални вештини потребни/барани на пазарот на трудот. Поточно, 88 лица ќе стекнат вештини за електро монтери и електро инсталатери (погони, домови за живеење, и.т.н.); 19 лица ќе се обучат за мехатронички системи; 36 лица ќе се обучат за мехатронички системи за лесни возила; 398 за сметководство; 69 за угостителски услуги; 60 ќе комплетираат курсеви за заварувачи; 36 ќе се обучат за градежни работници; и 133 за компјутерски програми.

Еден од начините за зголемување на вработеноста на долгорочно невработените е да се обезбедат можности за оваа целна група за зголемување на специфичните вештини како и здобивање со квалификации за специфични работни места потребни/барани на пазарот на трудот.

Кога е возможно, обуките ќе се одржуваат на база на сертифицирани програми од Министерството за Образование и Наука и Центарот за стручно образование и обука (ЦСО Центар - VET Centre).

# КОМПОНЕНТА 1

## Опис
## Опфат и методологија

Оваа мерка опфати планирање и спроведување на пракса од страна на млади невработени лица со високо образование во разни компании во земјава. Практикантството се одвиваше во три посебни циклуси во текот на 2012 година со поединечен период на траење на секој циклус од три месеци и тоа:

- Прв циклус: Јануари – Април
- Втор циклус: Април – Јули
- Трет циклус: Септември – Ноември

Секој циклус опфати различни практиканти и компании, а податоци за бројот на вклучени практиканти и компании се дадени во приказите и табелите кои следат понатаму.

Според планираното како директни корисници на оваа мерка беа предвидени 512 невработени лица до 27 години евидентирани во Агенцијата за вработување, а кои немаат претходно работно искуство. Пријавувањето на заинтересираните лица се реализираше во работните клубови на локалните центри за вработување со пополнување на соодветна апликација и електронска евиденција во системот на АВРМ.

# Презентација на резултати

## Постигнати резултати

Во трите циклуси на реализација на оваа компонента од проектот беа вклучени вкупно 27 градови на територијата на земјата каде се сместени компаниите работодавци. Од нив во Скопје опфатени се 167 практиканти пред се заради големината на подрачјето кое го покрива и бројот на интересенти. Во останати 12 градови компаниите опфатиле над 15 практиканти по град. Интересно е дека дел од тие градови се релативно помали како на пример Неготино, Ресен или Радовиш но сепак интересот за практикантство се покажал како значителен.

**Табела 1 – Број на реализирани договори за практикантство по град[2]**

| Град/Практиканти | До 5 | Од 6 - 10 | Од 11- 15 | Од 16 - 20 | Од 21 - 25 | 26 - нагоре |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | | | | | | 40 |
| Валандово | 3 | | | | | |
| Виница | 2 | | | | | |
| Велес | | 10 | | | | |
| Гевгелија | 2 | | | | | |
| Гостивар | | 10 | | | | |
| Дебар | 1 | | | | | |
| Делчево | 2 | | | | | |
| Демир Хисар | 3 | | | | | |
| Кавадарци | | | 13 | | | |
| Кичево | | 6 | | | | |
| Кочани | | 9 | | | | |
| Кратово | 1 | | | | | |
| Крушево | | | 14 | | | |
| Куманово | | | | 16 | | |
| Македонски брод | | 7 | | | | |
| Неготино | | | | 20 | | |

[2] Податоци преземени од Базата на податоци на АВРМ за 2012

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Охрид** | | | 11 | | | |
| **Прилеп** | | | | | | 27 |
| **Пробиштип** | | 7 | | | | |
| **Радовиш** | | | 15 | | | |
| **Ресен** | | | 15 | | | |
| **Свети Николе** | | | 11 | | | |
| **Скопје** | | | | | | 167 |
| **Струга** | | | 11 | | | |
| **Струмица** | | | | 19 | | |
| **Тетово** | | | 15 | | | |
| **Штип** | | 7 | | | | |
| **Вкупно:** | **14** | **56** | **105** | **55** | **0** | **234** |

Според работни профили на прво место по бараност и застапеност се економските профили, потоа следуваат правните профили, медицински персонал и лекари, ИКТ профили (информациско – комуникациска технологија), образовните профили (наставници и професори), а потоа како други следуваат социјалните занимања, електро и машински занимања, рударски, прехрамбени, и административни профили.

**Приказ 1 - Број на вклучени компании и опфат на практиканти**



Од погорниот приказ може да се види дека вкупно во трите циклуси на компонента 1 биле 323 компании кои примиле 464 практиканти[3].

Понатаму, од вкупно пријавени 1563 апликанти за практиканти, потпишани се договори со вкупно 512 лица од кои 91% ја завршиле праксата. Ова е вкупен податок за сите три циклуси[4].

**Приказ 2- Вкупни показатели за број на потпишани договори, завршени практиканти и вработени лица во текот на праксата**




По однос на податоците за вклученост на практиканти според пол, може да се заклучи дека за околу 1/3 или поточно 34% вклучени се повеќе практиканти жени во однос на мажи. Соодносот важи за сите три циклуси. Подетален приказ на овие податоци е даден во Приказ 3[5].

**Приказ 3 - Број на пријавени, отпочнати и завршени практиканти според пол**




[3] Податоци преземени од Базата на податоци на АВРМ за 2012
[4] Податоци преземени од Базата на податоци на АВРМ за 2012
[5] Податоци преземени од Базата на податоци на АВРМ за 2012

# УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ/ ДОБРИ ПРАКТИКИ И ИЗЈАВИ ОД ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ И ГЛАВНИТЕ ИНВОЛВИРАНИ



**Жарко Бојковски – поранешен практикант, сега вработен во Асседо ЈИЕ:**

„Оваа програма ми помогна полесно да се интегрирам во нова работна околина. Со постепено навлегување и осознавање на работните задачи како практикант, како и воспоставување на контакт и градење на одлични професионални односи со колегите од Асседо ЈИЕ, сега многу полесно ги извршувам моите поставени обврски. ИПА програмата ми ги отвори вратите за мое понатамошно развивање во деловниот свет„.



**Наташа Костојчиноска Дамјанска – Консултант за безбедност и квалитет Асседо ЈИЕ:**

„Ваквите типови на проекти се од голема помош при селекцијата на нови вработени, бидејќи покрај техничките знаења, тимската работа е клучен фактор за навремено реализирање на проектите. Периодот од три месеци е доволен за да се видат квалитетите на кандидатите и како тие се вклопуваат во работната средина на компанијата. „



**Слика 1 – Практиканти на работно место во Еуродом Дац ДООЕЛ, Радовиш**

**Злате Петревски – управител на Д.Т.У Викторана –Гостивар:**

Сметам дека на младите треба да им се даде шанса да се докажат преку праксата и овој проект е многу идеален за тоа. Исто така преку практикантството младите можат значително да ја унапредат својата кариера.

**Боривоје Ташковиќ – поранешен практикант, сега вработен во Д.Т.У Викторана-Гостивар:**

„Како дипломиран економист заради подобра перспектива и како секој млад човек сакав да се надоградам со знаење и од практична страна, па благодарение на Агенцијата за вработување и ИПА проектот за поддршка на вработувањето, се пријавив на конкурсот, ме одбраа и започнав на пракса во книговодствено биро ДТУ ” ВИКТОРАНА” од Гостивар. Многу сум благодарен и на раководителот на таа фирма и на неговите вработени што ми помогнаа во практичниот дел. Проектот за практиканти ми помогна да се стекнам со пошироки познавања од практичниот дел во книговодствената работа, а исто така ми овозможи денес да се вработам во истата фирма„.



**Слика 2 – Практикантка на работно место во фирмата Кобра од Радовиш**

**Надица Чесмаџиска –поранешен практикант, сега вработена во Македонија Експорт:**

„Само што завршив факултет веднаш почнав да барам работа, сметав дека многу лесно ќе успеам да го пронајдам она што навистина ме интересира околу маркетингот и продажбата, мислејќи дека факултетскиот успех е пресуден за да успеам. Добив можност од Агенцијата за вработување да започнам практична работа во фирмата Македонија Експорт. Ја искористив понудената прилика и можам со сигурност да кажам дека на терен работите беа сосем поинакви. Се најдов во една реална работна средина опкружена со предизвици, работни задачи, рокови, тогаш сфатив дека ништо не знаеш додека не започнеш да работиш. Овие месеци научив многу работи, што најверојатно никогаш немаше да ги научам на факултет. Научив колку е важен првиот впечаток што го оставам кај колегите и клиентите, научив колку е важен пристапот и колку важна улога игра самодовербата во своите знаења и идеи за успешна кампања. После периодот на пракса останав на работната позиција за која бев повикана. Ви благодарам за можноста.„



**Слика 3 - Средба на практикантот и менторот од фирмата МАЦЕФ со претставници од Министерство за труд и социјална политика и проектот**



**Анета Стојанова -Практикант во проектот:**

„Во текот на 2012 година земав учество во ИПА проектот како практикант во Авто Атом Доо Кочани. Сметам дека проектот е одличен за едукација на невработените лица кои бараат работа, овозможува стекнување на практични знаења, претставува еден вид подготовка за работните позиции и истиот треба да се спроведува и во иднина. Праксата многу ми помогна за вработување во истата фирма“.



**Климе Митев - сопственик на Авто Атом Доо Кочани:**

Проектот за Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени е одличен за работодавачите кои имаат потреба од вработување на млади лица. Преку учеството во проектот од една страна се овозможува едукација на младите во процесот на вработување, а од друга страна пак на работодавачите им се овозможува вработување на млади лица кои веќе имаат одреден степен на знаења и се запознаени со процесот на работа во компанијата.

**Билјана Санев – Менаџер во одделот за човечки ресурси во Стопанска Банка АД Скопје:**

"Стопанска Банка АД Скопје во текот на 2012 година активно учествуваше во сите три јавни повици за ангажирање на млади лица практиканти со високо образование и во рамки на проектот ангажираше вкупно 23 практиканти. Во текот на изведување на практичната работа практикантите покажаа голема заинтересираност и посветеност во својот ангажман и беа позитивно оценети од нивните ментори. Со оглед на фактот што во определен период од годината се појави потреба за вработување кадри во некои организациони делови, на практикантите им беше дадена можност да се вклучат во процесите за регрутација и селекција на кадри. Двајца практиканти беа вработени во банката.

Сметаме дека со ваков проект се овозможува на младите лица да се стекнат со знаење и искуство од определена област, а преку својот практичен ангажман и посветеност во текот на праксата да си создадат и шанса за евентуално вработување. Од друга страна пак со ангажирањето на практикантите, компаниите имаат можност преку 3 – месечната пракса соодветно да ги оценат практикантите и во случај на потреба да ги вклучат во процесите на регрутација на кадри".



**Слика 4 – Практикант и ментор во ПЗУ Д-р Лидија од Битола**

# ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Врз основа на процентот на практиканти кои ја завршиле праксата во споредба со вкупно вклучените може да се констатира дека оваа мерка е многу популарна и корисна за младите луѓе. За поздравување е фактот дека младите луѓе од неколку помали општини (во споредба со град Скопје), како и работодавачите покажуваат голем интерес за користење на оваа мерка што може да се заклучи по бројот на склучени и завршени договори за пракса. Исто така опфатот на жени преку оваа мерка е за 1/3 поголем од опфатот на мажи што пак е позитивен тренд и е во прилог на детектираната потреба за вклучување на што е можно поголем број жени на пазарот на труд.

Во иднина мерките кои се однесуваат на поттикнување на практикантството се препорачува да бидат повеќе насочени и кон опфат на лица од различно етничко потекло, посебно оние етнички заедници за кои има податоци дека располагаат со високообразован кадар. Исто така оваа мерка во иднина би имала уште поголем ефект за младите луѓе како крајни корисници доколку се планира и реализира во комбинација и со други мерки за поддршка на вработувањето на млади лица, поттикнување на претприемништвото и јакнење на вештините кај младите преку преквалификација и доквалификација.

# КОМПОНЕНТА 2

## Опис

**Ангажирање на експерти - обучувачи:** За спроведување на обуките квалификуван персонал беше ангажиран со примена на транспарентна и фер постапка за избор на недискриминаторски начин. Регрутирањето на експерти за обука- обучувачи се одвиваше според следниве чекори од постапката за избор: објавување на позицијата, рангирање на подобните кандидати, избор на најсоодветен кандидат за секоја објава.

При аплицирање за позицијата, потенцијалните кандидати предложија методологија за имплементација на обука. Тие беа оценувани според неа. Методологијата за обука беше тесно поврзана со целите на обуката, процени, содржина, и секвенци за обука/учење.

Следниве аспекти на предлози беа оценувани од страна на соодветни комисии:

1. План и програма за обука
2. Методологија (бариерите на учењето на возрасните треба да бидат земени во предвид; интерактивна настава треба да се примени)

**Избор на слушатели за обука:** Тимот на проектот објави јавен оглас и беа испратени директни пораки-покани на регистрираните невработени лица да учествуваат на курсеви за обука во различни градови во Македонија.

Од невработените се побара да конкурираат во АВРМ за да учествуваат во една од следниве бесплатни обуки: обука за основни вештини за информациска технологија, обука за јазични курсеви, обука за комуникациски вештини и обука за претприемништво. Заинтересираните кандидати конкурираа за обука во локалниот центар за вработување каде што невработениот беше регистриран. Службениците во работните клубови во локалните центри за вработување ги внесоа основните податоци за потенцијалните учесници на курсот и исто така нивниот избор за дадена обука во елек-

тронската база на податоци на АВРМ. Ова формираше една апликација која што службеникот на АВРМ ја отпечати, и ја потпишаа заеднички.

Комисијата за избор ги прегледа сите и ги издвои оние кои ги задоволуваа одредените критериуми.

**Реализација на обуките и мониторинг:** Обуките се организираа во работните клубови на 30 центри за вработување на АВРМ и во други простории во земјата, како на пример училишта, приватни центри за обука итн.

За ангажман на дополнителни простории за обука локалните центри за вработување потпишаа Меморандум за разбирање за користење на просторот или пак друга форма на формална соработка со соодветните институции.

Обуките се реализираа во вкупно 3 циклуси. Обуките започнаа кон крајот на месец јануари 2012, односно почеток на месец февруари 2012 и завршија на крајот на ноември 2012 година.

Секој обучувач спроведе обука според предложената методологија и план за работа. Тој известуваше на месечна основа за резултатите и предизвиците.

Обуката се спроведуваше во групи од по 8 до максимум 15 слушатели- учесници.

Учесниците на обуки кои учествуваа на курсевите и исполнија одредени критериуми добија сертификати. Критериумите за тоа дали учесникот на обуката ќе добие право на сертификат вклучуваа: положено завршно тестирање или позитивна оцена на наученото.

Вкупно 107 обучувачи беа ангажирани за спроведување на обуките. Од нив 61 обучувачи беа ангажирани за испорака на обука за странски јазици, 31 за основни ИТ вештини 5 за комуникации и 10 за претприемништво. Секој експерт- обучувач држеше во просек 3 часови (90 мин) = 3x90 = 270 min по работен ден. Околу 5 дена беше договорено дека се потребни за развивање на материјали за обука и план за обука.

- Обуките за комуникациски вештини во регионалните центри за вработување и другите центри за вработување. При ова секој експерт- обучувач одржа по 3 часови (по 90 мин.) во текот на еден работен ден. Времетраењето на курсот за обука е 16 наставни часови.
- Времетраењето на обуките за претприемништво беше 20 наставни часови.
- Обуките по странски јазици и ИТ вештини траеа вкупно 46 часа. Тие се реализираа во 16 дена, од кои 15 дена беа по 3 наставни часа во времетраење од по 90 мин и 16-тиот ден беше тестирање.

Експертите за обука ги спроведуваа обуките во согласност со предложена методологија за обука, материјалите за обука и временската рамка (план за обука).

Експертите за обука водеа документирани записи за присуство на учесниците на обуката. Всушност, секој експерт за обука водеше дневник за учество на обуката на дневна основа. Дневникот се затвора по завршувањето на обуката секој ден.

Експертите за обука подготвуваа месечни извештаи кои содржеа: Постигнувањето во текот на периодот за известување, поголеми проблеми кои се јавиле во текот на извештајниот периодот, опис на преземените активности во однос на корективните мерки, препораките од страна на експертите за обука, научени лекции, планови за следниот извештаен период (во колку има таков). Извод (копија) на дневникот на АВРМ во врска со присуството на учесниците.

Тимот на проектот го следеше спроведувањето на компонентите на проектот преку прегледување на месечни извештаи доставени од страна на експертите за обука, како и преку организирање на посети за контрола на квалитетот.

Дневникот беше на располагање на одговорните за проектот во текот на посетите на лице место.

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ[6]

Обуката ја завршиле 6050 кандидати-невработени лица.

Распоредот на учесници по групи во обуки е презентиран на следната табела и графикон:

| Област на обучување | Бр.на учесници | % |
|---|---|---|
| Странски јазици | 3904 | 64,53 |
| IT програми | 1533 | 25,34 |
| Комуникациски вештини | 437 | 7,22 |
| Претприемништво | 176 | 2,91 |
| Вкупно | 6050 | 100 |

**Број на учесници по групи во обуки**




Поголемиот дел од бројот на учесници кои присуствуваа биле вклучени на обуките за странски јазици. Делот од бројот на учесници кои земаа учество во обуките за претприемништво и комуникациски вештини е нешто повеќе од 10% од сите учесници.

[6] Податоци од 3-ти декември. Конечните резултати можат да имаат варијации од 0.01%.

Распределбата на учесник по видот на обука е претставена во следната табела.

| Бр. | Обука | Бр. на учесници | % од вкупниот број |
|---|---|---|---|
| 1 | Англиски јазик | 2309 | 38,17 |
| 2 | Германски јазик | 856 | 14,15 |
| 3 | Грчки јазик | 159 | 2,63 |
| 4 | Италијански јазик | 517 | 8,55 |
| 5 | Турски јазик | 63 | 1,04 |
| 6 | Програма за обработка на текст | 624 | 10,31 |
| 7 | Програма за пресметка | 358 | 5,92 |
| 8 | Програма за презентирање | 78 | 1,29 |
| 9 | Програма за менаџмент на податоци | 268 | 4,43 |
| 10 | Програма за проектен менаџмент | 205 | 3,39 |
| 11 | Комуникациски вештини | 176 | 2,91 |
| 12 | Претприемништво | 437 | 7,22 |
| | **Вкупно** | 6050 | 100% |

Распределбата на учесник по обука за странски јазик е претставен во следниот графикон. Очигледно е дека скоро 40% (2309 лица вкупно) од сите учесници посетувале обука за Англиски јазик.

**број на учесници по обуки на странски јазик**




Распределбата на учесник по обука за IT вештини е претставен во следниот графикон. Поголемиот дел од бројот на учесници земале учество на обуките од Програмата за обработка на текст.

**број на учесници по ИТ обука**




Распределбата според полот на учесниците кои ја завршија обуката е презентирана со следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| Женски | 4214 | 69,65 |
| Машки | 1836 | 30,35 |
| **Се Вкупно** | 6050 | 100% |

# УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ/ ДОБРИ ПРАКТИКИ И ИЗЈАВИ ОД ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ И ГЛАВНИТЕ ИНВОЛВИРАНИ

1. Вежбите што ги научив на обуката за претприемништво ми помогнаа најмногу при односот и комуникацијата со другите луѓе. Научив работи што ми се потребни за тоа што моментално го правам. Информација за фирмата што треба да се отвори и маркетинг, и за работи кои што ќе ми се потребни и во иднина. Откако ја започнав обуката имав успех во областа на која што работев лично и на професионален план. Задоволна сум од обуката, професорот и групата и најмногу од себе си. Ви благодарам... Т.Б.

2. Имав голема желба да научам што е претприемништво, очекував дека ќе учам лекции, дефиниции, но излезе нешто многу поинтересно за мене. Најголемата и најдобрата лекција која што ја научив е стекнувањето самодоверба дека можам сама да почнам да работам нешто. И излезе навистина така затоа што мојата желба и волја станаа се поголеми за да успеам. На курсот запознав луѓе со различни приказни од животот и тоа ми дава силен, поголем потик за да успее и мојата приказна . А.М.



3. Курсот за претприемништво кој што го посетував, ми остави убави впечатоци. Научив многу работи поврзани со бизнис и маркетинг планот. Увидов дека за да отвориш некој бизнис претходно треба да имаш некое знаење од претприемништво за добар успех во бизнисот. **Многу сум задоволна** и од самите предавања. Беа многу интересни и креативни. Д.В.

4. Во теков на изминативе три недели **мојот живот драстично се измени.** Комуникацијата ми е многу подобрена и се чувствувам дека сум спремна да отпочнам нешто. Пред курсов не верував во никој и ништо а сега верувам во чуда. Ј.Б.

5. Најпрво сакам да се заблагодарам на обучувачот г. Ристо И., за прекрасно одржаната обука, која многу ми помогна во личниот развој. Со оваа обука станав попозитивна пољубезна и стекнав голема самодоверба. **Многу ме мотивиравте.** Научив многу за претприемништво и вашите совети веќе ги користам. Е.Д.

6. Преку одлично одбрана презентација се подига самодовербата, а следствено на тоа и начинот на размислување и **промена кон самиот себе**, и начинот на доживување на околината спрема нас. Се надевам дека повеќето ќе продолжат успешно да ја остваруваат својата цел, само така успехот ќе биде во нас. Ј.Б.

7. Обуката беше на **високо ниво со јасно,** точно прецизно и разбирливо предавање. Научив многу корисни работи и поучни нешта што никаде досега не сум ги чула. Часовите со внимателност ги следев, исто така и дома го учев материјалот. Наставата беше интересна со објаснување и илустрирање. Сега знам дека ми недостига решителност. Сакам уште неколку часови за подобрување на моја решителност околу отварање на фирма. Знам дека не сум доволно сигурна во себе и во идејата или можеби да започнам нешто друго (да имам поголем опсег на идеи за бизнис идеја). Треба да добијам поголема храброст, да не се плашам од ризиците, општеството и конкурентноста. М.Т.

8. За време на обуката научив некои работи кои што можат да ми помогнат да постигнам успех во животот. Прво преку зголемување на **квалитетот на комуникација со другите луѓе** преку љубезност, второ преку зголемување на самодовербата и мотивацијата да се работи и да се успее, трето оној помалку посакуван, но не и помалку ефективен начин тоа е преку дебатирање и расправа со другите да се докаже сопствениот став и да се побие ставот на спротивната страна, што е вештина која може да донесе успех во доста ситуации и предизвици на ова ново време каде борбата за опстанок (преживување) често е основен мотив во животот. Со Почит, Д.И.

9. Бидејќи **цел живот сакам да направам бизнис**, но немав шанси да го направам тоа што навистина го сакам од срце и овој пат ја искористив шансата да научам уште нешто за бизнисот. Научив

доста. Обуката беше многу интересна, поучна, научив работи кои што не ги знаев. Сметам дека сега многу посигурно и полесно би можела да започнам сопствен бизнис користејки една од моите многу идеи. Т.И.

10. За време на обуката **најважната работа која што ја научив** е да не се откажувам од тоа што сакам да го работам. Исто така научив дека за да почнам сопствен бизнис не ми се потребни многу пари. Драго ми е што бев дел од обуката и како последица на тоа сега имам храброст да продолжам со моите производи. Ви благодарам професоре. С.М.

11. Обуката за претприемништво на мене позитивно влијаеше. Пред се ми се зголеми самодовербата. Во поглед на предавањата за **охрабрување да се почне сам** свој бинис, мислам дека донесоа придобивки кај мене, со тоа што го направив првиот чекор и се пријавив да аплицирам за истото. Голема пофалба и за професорот. Тој ме  научи на еден поинаков правец да ги согледувам работите кои ми се случуваат во животот. М.Џ.





12. Семинарот беше одличен и комплетно ги исполни моите очекувања. Се стекнав со знаења за област која досега не ми беше блиска и во доменот на моите интереси. Предавачот вложи навистина голем труд да ни го пренесе своето знаење и искуство за претприемништвото. Не само теоретско туку и да има практична примена. Ме потикна да ги реализирам моите бизнис идеи. Ј.Б.

**Кажувања на учесници од обуката по ИТ вештини**

- Сакам да искажам задоволство што бев учесник во обуките за компјутерски вештини во програмите за пресметка (Excel) и презентација (PowerPoint). Обуките целосно ги оправдаа моите очекувања, при што се стекнав со солидни знаења за работа на компјутер.
- Се надевам дека и во иднина, континуирано, преку цела година ќе се организираат обуки за работа со компјутери за невработени лица. Сакам да предложам, да се воведат обуки за технички компјутерски програми, како и компјутерски програми од разни други области. Со тоа невработените лица ќе можат да изберат програма од својата струка, софтвер или апликација, и полесно да дојдат до работни места. Н.Т.

# ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Вкупно 6050 учесници завршија одреден тип на обука.

Просечен учесник на обуките за општи вештини е жена (70%) кој има просечно 33 години и има завршено најмалку високо образование (54,5%). Тој/таа е пријавена во АВРМ како невработена нешто помалку од 6 години. Тој/таа учествува на обука по Англиски јазик (40%).

Просечната цена на една обука за еден слушател изнесува 4200 денари. Обуката по странски јазици чини 4400 денари по слушател, ИТ 4700 денари, претприемништво 4900 денари и комуникациски вештини 760 денари.

При реализацијата на обуките, како и извршеното следење и анализата од исклучителна важност се покажа информативниот систем на АВРМ. ОД системот се следеа сите информации и се генерираа адекватни сумарни податоци. Ова значи дека на системот и понатаму треба да се работи и во него да се вградат сите специфичности кои може да се појават при спроведување на ваков тип на обуки.

Учесниците се одлучуваат да учествуваат на обука најчесто во нивното место на живеење.

Дневната обука треба да трае 2-3 часа и да е два пати неделно.

# ФОТОГРАФИИ








# Компонента 3

## Опис

Оваа Компонента опфати 839 долгорочно невработени кои се регистрирани во АВРМ како невработени повеќе од една година. Поконкретно, со оваа мерка беа извршени обуки за електромонтери и електроинсталатери, обуки за мехатронички ситеми, обуки за мехатронички системи за лесни моторни возила, обуки за сметководство, обуки за заварувачи, обуки за угостителски услуги, обуки за градежни работници, како и обуки за IT програмери.

Обуките беа спроведени во две сесии во времетраење од три месеци, за чие спроведување беа ангажирани професионални обучувачи.

**Цел:**

Поддршка и јакнење на капацитетите на долгорочно невработените лица и стекнување на вештини барани на пазарот на трудот.

**Целна група/корисници:**

Од погоре наведеното, целната група на оваа Компонента се долгорочно невработени лица кои беа обучени за специфични професионални вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот. Поконкретно:

- 88 лица за обуки за електро монтери и електро инсталатери
- 19 лица за обуки за мехатронички системи
- 36 лица за обуки за мехатронички системи за лесни моторни возила
- 398 лица за обуки по сметководство
- 69 лица за обуки за угостителски услуги
- 60 лица за обуки за заварувачи
- 36 лица за обуки за градежни работници
- 133 лица за обуки за IT програмери

**Услови и критериуми:**

Оваа мерка беше наменета за сите долгорочно невработени лица (регистрирани во АВРМ подолго од една година). Пријавувањето на заинтересираните лица се одбиваше во локалните центри за вработување со пополнување на соодветна апликација.

На сите учесници кои успешно ја завршија обуката им беа доделени сертификати за стекнатите вештини на конкретната обука.

**Информации за обуките:**

- **Обуки за електро инсталатери и електро монтери**

Број на учесници: 88 лица

Цел: Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- планирање, подготвка и изведба работи со електрични инсталации;
- проверка на квалитетот на извршената работа;
- читање електрични шеми и проектна документација на инсталации;
- примена на постапки за мерење и испитување на електрични инсталации;
- дијагностицирање на причини за појава на грешки во електрични инсталации и врши нивно отстранување;
- ракување со алати и прибор за изведување на електрични инсталации;
- користење уреди за контрола на квалитетот на изведените електрични инсталации;
- пополнување на потребна работна документација и документи за евидентирање на состојбата на електричните инсталации;
- примена при работа МКС стандарди за квалитет на изведените електрични инсталации како и за заштита од струен удар;
- примена прописи за заштита при работа и заштита на животната средина.

Обучувач: СЕТУГС Михајло Пупин - Скопје

- **Обуки за мехатронички системи**

Број на учесници: 19 лица

Цел: Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- монтирање и поправка на мехатронички систем- клима уред;
- да монтираат и поправаат куќни мехатронички системи- машина за перење, машина за миење садови и сл.;
- да монтираат и поправаат мехатронички системи со микроконтролери;
- избирање и ракување со електричен алат, прибор и опрема;
- примена на мерни инструменти за мерење на електрични и неелектрични големини;
- користење техничка и сервисна документација;
- примена на прописи и заштитни мерки за лична и колективна заштита;
- согледување можности за организација, водење на сопствен бизнис- самовработување;

Обучувач: СУГС Владо Тасевски - Скопје

- **Обуки за мехатронички системи за лесни моторни возила**

Број на кандидати: 36 лица

Цел: Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- разликување алат, опрема и инструменти
- контролирање на исправност на системи
- утврдување на неисправности  на деловите
- демонтирање и монтирање на делови
- користиње на електрични величини за реализација на конкретни проблеми
- мериње на електрични величини
- читање и толкување на измерени вредности од електрични мерни инструменти

- читање на електрични шеми
- препознавање принцип на работа на некои типови на сензори
- испитување на некои типови на сензори
- користење на програми за моторни возила во електронска форма
- користење на уреди за ОБД дијагностика и лоцира неисправности на возилото
- користење на заштитни средства
- познавање на процес на започнување на мал бизнис
- изработка на бизнис план.

Обучувач: Универзитет Св. Кирил и Методиј Машински Факултет - Скопје

- **Обуки за сметководство**

Број на учесници: 398 лица

Цел:Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- Набавки
- Трошоци
- Продажба
- Финансиски извештаи

Обучувач: СЕПУГС Арсениј Јовков – Скопје

- **Обуки за угостителски услуги**

Број на учесници: 69 лица

Цел: Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- планирање, подготвка и изведба на работи во угостителските објекти;
- вршат проверка на квалитетот на извршената работа;
- организација и сервирање ресторанска вечера или ручек

по избор од листата на јадења или по утврдено мени

- користење на опрема и инвентар потребен при послужување по катови
- примена на правила при послужување на специјални јадења во ресторанот
- ракување со инвентар при послужување во бар
- подготвка на основни барски коктели
- примена на правила при послужување на различни видови дневни оброци

Обучувач: СОУ Наум Наумовски Борче - Крушево

- **Обуки за заварувачи**

Број на учесници: 60 лица

Цел: Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- читање техничка – технолошка документација;
- планирање и подготовка на работното место за заварување;
- рационално користење на средствата за работа;
- избор и соодветно користење на основните, додатните и помошните материјали при заварување;
- избор на соодветни параметри на режимот за спроведување на постапките за заварување;
- подготвка на материјалите за заварување;
- успешно заварување под заштита на инертен гас- аргон.

Обучувач: ДУЦОР Партенија Зографски - Скопје

- **Обуки за градежни работници**

Број на учесници: 36 лица

Цел: Оваа програма овозможи кандидатите да се стекнат со следните вештини:

- читање едноставни изведувачки цртежи, скици, проекти и опис на работите од областа на занимањето;

- утврдување на работните чекори, средства и методи на работа, зависно од својствата и можностите за примена на суровините, градежните и помошните материјали;
- специфицирање на потребни суровини, градежните и помошните материјали;
- прием, класификација и складирање на материјал за работа;
- одржување на техничка исправност на алатите, машините и приборот за работа;
- поставување едноставни работни и заштитни скелиња;
- подготовка на површини за обработка;
- замешување лепаци, смеси за фугирање и глетување;

Обучувал: СГГУГС Здравко Цветковски - Скопје

- **Обуки за IT програмери**

Број на учесници: 133 лица

Цел: Оваа програма им овозможи на кандидатите да ги усовршат своите вештини во користење на разни напредни компјутерски програмски јазици (Java, Cisco и други програмски јазици).

Обучувач: Едукативен центар Александрија

# Презентација на резултати

Во периодот од март до ноември 2012 година, во две фази беа спроведени обуки за занимања барани на пазарот на трудот. За овие обуки вкупно пријавени невработени лица беа 1194, од кои пак 767 лица потпишаа изјави со кои ја прифатија обуката. Од тие лица кои ја потпишале изјавата за учество во обуките, успешно завршија 633 лица, кои пак на крајот од обуката се здобија со сертификати.

| **Обука** | **Аплицира-ле за обука** | **Потпишале изја-ва за учество** | **Завршиле обука** |
|---|---|---|---|
| Угостители | 81 | 69 | 65 |
| Заварувачи | 76 | 55 | 36 |
| Градежни работници | 31 | 29 | 29 |
| Мехатронички системи | 24 | 12 | 8 |
| Мехатронички системи за лесни возила | 40 | 36 | 28 |
| ИТ програмери | 133 | 133 | 122 |
| Сметководители | 674 | 358 | 288 |
| Електро монтери и електро инсталатери | 135 | 75 | 57 |
| **Вкупно** | **1194** | **767** | **633** |






Од погорниот приказ може да се види интересен податок дека во рамките на обуките за занимања кои се барани на пазарот на трудот, половата еднаквост беше подеднакво застапена.




Што се однесува до застапеноста по националност, во рамките на оваа Компонента, најзастапени беа македонците со 530 лица, Албанци – 53 лица, Роми – 16 лица, Муслимани 7 лица, Турци – 6 лица, Срби – 10 лица, Бошњаци 2– лица, Власи – 1 лице, други – 3 лица.

Во овие обуки беа опфатени и лица од различна возраст. Најголем дел од невработените лица припаѓаат на групата од 28 – 49 години – 397 лица, потоа 176 лица меѓу 15 – 27 годишна возраст, како и 55 лица меѓу 50 – 64 годишна возраст.



Како последен графички приказ на податоците ја прикажуваме различната образовна структура на лицата кои ги посетуваа обуките за вештини барани на пазарот на трудот. Најголем дел од невработените беа со средно образование 4 степен, и тоа 262 лица, следуваа лицата со повисоко образование (VI, VII) – 238 лица, потоа средно образование 3 степен – 57 лица, основно образование – 70 лица, како и едно лице со незавршено основно образование.




# Успешни приказни/ добри практики и изјави од целните групи и главните инволвирани

Изјави од вклучените обучувачи за соработката со ИПА тимот, постигнатите резултати и ефектот на обуките врз намалување на невработеноста во земјата:

➢ Кога се прави нешто со цел да се помогне, во случајов да се намали, иако мал но важен процент на невработеноста, искуството е секако позитивно. Земајќи го в предвид фактот дека досега не сме работеле на проект сличен на овој, тој донесе многу новини во начинот на кој ние ги доживуваме овие обуки, начинот на кој размислуваме за овој тип на соработки и начинот на кој сме навикнати да предаваме.Прекрасно искуство исполнето со одлична соработка. ИПА тимот беше во секој момент достапен за консултација и помош. Тимот беше тој кој не воведе и ни даваше насоки како да ги спроведуваме правилата во однос на пишување

извештаи, водење на евиденции, изработка на фактури. Ние не само што предававме нешто ново, туку и добивме нешто ново, па задоволството е обострано.

ДУЦОР „Партенија Зографски„- Скопје
(обука за заварувачи)



➢ Соработката со ИПА тимот во рамките на реализација на обуката по сметководство е значајно искуство за нас поради повеќе причини како што се: изградба на професионален однос кон потребите на пазарот на трудот; воспоставената директна комуникација и соработка со релевантните институции како Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика и други кои се во функција на поддршка на вработувањето во земјата; направената мрежа на тренинг центри кои се во функција на не/ вработените лица.



СЕПУГС
„Арсени Јовков„
- Скопје
(обука по
сметководство)

- Обуката „Мехатронички системи кај лесните возила„ е наменета за лица кои својот работен ангажман го гледаат во областа на дијагностиката и одржувањето на моторните возила. По својата природа, тој стопански субјект, не е таков кој масовно акумулира работна сила и главно се состои од сервисните мрежи на овластените застапници на автомобилските марки, како и од другите приватни сервиси за возила во државата. Сепак, со оглед на интензивниот развој на автомобилите, се наметнува потребата од стручна работна сила со познавања од модерните системи кај возилата и сметаме дека спроведената обука дава свој придонес во креирањето технички кадар способен да се вклучи во активности на нивно одржување.

Универзитет „Свети Кирил и Методиј„
Машински Факултет- Скопје
(обука за мехатронички системи кај лесни возила)



➢ Соработката помеѓу институциите, тимовите кои ги објавуваат конкурсите за пријавување на кандидати, реализаторите на обуките, работодавачите и социјалните партнери и нивните потреби на пазарот на трудот, е од големо значење за постигнување на успешни резултати.

СГГУГС
„Здравко Цветковски„- Скопје
(обука за градежни работници)



➢ Сметаме дека реализираната програма сѐ уште може да одговори на потребите на пазарот на трудот. Нејзините содржини и целата концепција на обуката пружа можност да се продуцира оспособен кадар употреблив на пазарот на трудот и способен да се носи со актуелната конкуренција.

СЕТУГС „Михајло Пупин„- Скопје
(обука за електро монтер и електро инсталатер)



➢ Нашата обука во рамките на програмата за намалување на невработеноста беше за преквалификација и доквалификација на невработените кандидати кои ги обучувавме. Сметаме дека сите кандидати солидно ја завршија обуката. Тие сите имајќи ги во предвид стекнатите знаења и вештини како сервисери за мехатронички системи, можат понатаму да се вработат или самостојно да работат како сервисери во областите во кои стекнаа практични знаења, односно да се самовработат.

СУГС „Владо Тасевски„- Скопје
(обука за мехатронички системи)



➢ Обуката која ние ја спроведувавме зависи и од заинтересираноста на стопанските субјекти да ги вработат учесниците во обуката. Во таа насока сметаме дека Програмата треба да им понуди и некои бенефиции на стопанските субјекти, со што тие ќе се поттикнат да вработат што повеќе обучени и невработени лица.

СОУ „Наум Наумовски- Борче„- Крушево
(обука за угостители)



➢ Како што сите знаеме, ИКТ индустријата е една од најбрзо растечките индустрии во светот и ИКТ кадрите се едни од најдефицитарните на светскиот пазар денеска. Македонија која има веќе голем број ИКТ компании кои работат не само на македонските пазар туку се борат и на светската арена, секако дека треба да подготвува кадри кои ќе можат да одговорат на задачи како и нивните колеги ширум светот. Обуките кои беа изведени ги подготвуваа слушателите за полагање на испити по чие успешно полагање се стекнуваат со светски признати сертификати кои го валидизираат знаењето признато ширум светот. Овие сертификати се признати на глобално ниво па така со ова се надеваме дека со стекнатото знаење од обуките и добиените сертификати, сме успеале да ја зголемиме можноста за вработување на слушателите кои имаа можност да учествваат во овој проект. Ваквите сертификати се многу барани од фирмите како во земјава така и странство, и голем број истражувања потврдуваат дека компаниите имаат недостиг од кадри со вакви сертификати. Со оглед на тоа се надеваме дека со поседувањето на истите ќе придонесеме за намалувањето на невработеноста во земјата.

Едукативен центар Александрија
(обука за ИТ Програмери)



# АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ОД УЧЕСНИЦИТЕ НА ОБУКИТЕ

Анализирајќи ги добиените податоци од прашалниците за евалуација кои беа пополнети од страна на учесниците, како заклучок може да се издвојат неколку битни работи:

- Преку 90 % од кандидатите кои го пополниле прашалникот имаат мислење дека квалитетот на организираните обуки бил висок, односно, обуките пред се биле интересни, корисни и добро организирани.
- Што се однесува до квалитетот на инструкциите интересно е што сите кандидати одговориле дека ги добиле бараните информации од инструкторите, а исто така висок процент (над 80 %) сметаат дека инструкциите ќе им користат во понатамошна практична работа како и знаењата стекнати по теориските предмети.
- Од одговорите на делот – резултати од наученото, релативно висок процент на кандидати тврдат дека обуката ќе им користи во понатамошната работа, додека пак практичниот дел бил исклучително добар и корисен.
- Од организациски аспект кандидатите во висок процент потврдија дека организацијата била на професионално ниво, дека местото и времето на одржување било добро одбрано како и дека условите за работа биле одлични.
- Генерално гледано висок процент(95%) одговориле дека ваков тип на обуки е многу потребен.

Како карактеристика на одговорите на кандидатите може да се наведе и следното.

- Главната причина за учество во обуката е да се стекнат нови знаења, но и да се најде вработување.
- Во обуката на кандидатите најмногу им се допадна практичната настава
- Посебни забелешки за обуките нема

Како општи коментари се потенцира обуката да трае подолго и да има повеќе часови практична настава.

# Главни заклучоци и научени лекции

Врз основа на процентот на завршени учесници во обуките за вештини барани на пазарот на трудот можеме да констатираме дака оваа мерка е доста популарна и корисна за долгорочно невработените лица. Иако постоеше разлика во опфатените лица во зависност од обуката, мораме да бидеме задоволни од еднаквата полова застапеност како и територијалната покриеност на обуките низ целата територија на земјата.

Во иднина мерките кои се однесуваат на обуки за занимања барани на пазарот на трудот се препорачува да бидат насочени кон обезбедување дополнителна практична работа кај работодавач со што би се постигнала целта, зголемување на шансите за вработување на долгорочно невработените лица кои се опфатени со оваа мерка.

*Литература*
Грант Договор број 09-40478/1 од 25.11.2010

*Издавач*
Агенција за вработување

*Организација*
Проектен тим

*Дизајн, графичко обликување и печат*
Диги Принт ДООЕЛ Скопје

*Превод*
ЕЈ-БИ-СИ ТП за странски јазици -
Младеновска Мино Елизабета

**Овој проект е финансиран од страна на Европската Унија**

**Корисник**

Агенција за вработување

Министерство за финансии

Сектор за централно финансирање и склучување на договори

Министерство за труд и социјална политика